Примена од 01.02.2026 година

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТ, РЕВОЛВИНГ КРЕДИТ КОЈ СЕ КОРИСТИ СО КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ И ДОЗВОЛЕНО ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### ДЕФИНИЦИИ

- **Општи услови** - Општите услови за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје по однос на финансиски услуги како потрошувачки кредити, револвинг кредитни картички и дозволени пречекорувања, кои се нудат на населението. Општите услови кои се во примена, се достапни на интернет страната и во експозитурите на Банката;
- **Банка** - Универзална Инвестициона Банка АД Скопје – УНИБанка;
- **Кредитокорисник** - е едно или повеќе лица кои се јавуваат како Договорна страна при склучување на Договор;
- **Гарант** - е едно или повеќе лица кои се јавуваат како Договорна страна при склучување на Договор;
- **Осигурувач** - е друштво за осигурување со седиште во Република Северна Македонија кое добило дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување;
- **Договор за осигурување на живот** - за случај на смрт на КРЕДИТОКОРИСНИК/ КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е Договор, склучен помеѓу КРЕДИТОКОРИСНИКОТ/ КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА и БАНКАТА во име и за сметка на Друштвото за осигурување (во натамошниот текст: Осигурувач), за цело времетраење на кредитот;
- **Полиса** - пишан документ за Договореното осигурување и составен дел на Договорот за осигурување.
- **Платежна сметка** - е сметката со број {{AccNumber}} којашто ја одржува БАНКАТА на име на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ на платежни услуги и којашто се користи за извршување на платежни трансакции, на која БАНКАТА службено ги пренесува износите по одобрениот кредит, се евидентираат износите на дозволеното пречекорување се пренесуваат уплатените износи од КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА и од која БАНКАТА службено ги измирува уплатените износи од КРЕДИТОКОРИСНИКОТ по главницата, каматите и другите трошоци по потрошувачки кредити, револвинг кредитни картички и дозволени пречекорувања.
- **Апликација** - е аплкикација за кредитен продукт за одобрување на потрошувачки кредит, револвинг кредитна картичка и дозволено пречекорување, со чие потпишување се прифаќаат овие Општи услови;
- **Валута** - (на кредит и дозволено пречекорување) - Македонски денар, законско платежно средство во Република Северна Македонија. Сите трансакции ќе се извршуваат во денари;
- **Траен медиум** - е секој инструмент што на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ му овозможува да ги складира информациите упатени лично до него на начин кој му овозможува користење на тие информации во одреден временски период соодветен на целта на информациите и кој дозволува неизменета репродукција на складираните информации;
- **Плаќање** - е секое измирување на достасана обврска по основ на кредит/револвинг кредитот, достасан износ за плаќање за измирување на главница и камата по одобрено дозволено пречекорување врз основа на склучен Договор;
- **Работен ден** - е секој ден во кој работат и извршуваат финансиски операции банките и финансиските институции во Република Северна Македонија, односно период утврден со правилата за работа на платниот систем и системот за порамнување на хартии од вредност кој ги опфаќа сите настани за време на работниот циклус на овие системи, независно во кој период од денот и ноќта се случуваат порамнувањата;
- **Извод-извештај за состојба на сметката** - е писмено известување од БАНКАТА, во кое се наведени износите на користениот кредит и дозволеното пречекорување или други износи по тој Договор, вклучително и податоци врзани за износите, датумите на достасаност, важечка каматна стапка,

промена на каматната стапка, надоместоци што се наплаќаат и други содржини на извршени операции. КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е должен редовно да го подига наведениот извод;

- **Обезбедување** - е секое жирантство, гаранција, залог или хипотека и полиса за ризико осигурување, побарани од БАНКАТА и понудени од КРЕДИТОКОРИСНИКОТ/КОРИСНИК НА КАРТИЧКА, кое овозможува, во случај на неизмирување и ли нередовно измирување на обврските на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ по кредитот и КОРИСНИК НА КАРТИЧКА и настапување на осигурен настан, БАНКАТА да ги наплати од жирантите, гарантот или со продажба на заложените подвижни и недвижни предмети и со активирање на полисата за ризико осигурување;
- **Преглед на парични текови за потребите на пресметка на СВТ** (во понатамошниот текст Преглед на парични текови) - е преглед за измирување на обврските на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ по користениот кредит и
- **Тарифа** - е Тарифата на надоместоците на БАНКАТА, заедно со сите измени и дополнувања на истата, достапна во сите експозитури и на интернет страната на БАНКАТА.
- ***<u>Кредит</u>*** - е секое парично побарување или преземање на задолжување кон едно или повеќе поврзани лица, кое е резултат на:
  -одобрување на парични средства;
  -одобрување на кредитно олеснување, независно од неговата форма;
  -жирантство, издавање на банкарска гаранција или друго понудено обезбедување;
  -добиено побарување, кое произлегува од цесија;
  -пристапување кон долг или преземање на долг;
  -отстапување на побарувања и
  -други побарувања и преземени обврски независно од видот на користените финансиски инструменти.
- **Фиксна каматна стапка** - е стапка која се определува со одлука на Банката и не се менува во периодот на отплата на кредитот;
- **Трговец** - е лицето, чии производи се предмет на продажба преку кредитирање согласно условите на наменскиот потрошувачки кредит;
- **Револвинг кредит** - вкупен износ на кредитот со автоматско обновување кој БАНКАТА го одобрува на корисникот на основната картичка;
- **Корисник на картичката** - корисник на основна и дополнителна картичка ;
- **Корисник на основна картичка** - корисник на основна картичка е лицето на чие име е издадена кредитната картичка, на кого БАНКАТА му одобрува револвинг кредит;
- **Корисник на дополнителна картичка** - корисник на дополнителна картичка е лице на чие име е издадена картичка на барање и со овластување на корисникот на основната картичка;
- **Картичка** - основна и дополнителна револвинг кредитна картичка која БАНКАТА ја издава на основниот корисник и на негово барање, на дополнителен корисник на картичка;
- **Банкомат** - електромеханички уред којшто им овозможува на овластените корисници да повлечат готовина од сметки и/или им обезбедува пристап кон други услуги;
- **ПОС** - уред кој се инсталира на продажното место или банкарски шалтери, кој служи за електронско спроведување на трансакцијата;
- **ПИН** - личен идентификационен број на корисникот на картичката, кој служи како идентификационен код кој се употребува при користење на картичката на банкомат и ПОС уред;
- **Чип картичка** - платежна картичка во која е вграден чип, односно микро процесор со меморија и сите останати електронски кола што овозможува зголемена функционалност и сигурност, чување на информации и програми и изведување на логички операции;
- **Бесконтактна картичка** - платежна картичка, која покрај магнетна лента и чип има вградена антена која овозможува бесконтактно плаќање на уреди кои подржуваат бесконтактен начин на плаќање;
- **Месечен циклус** - е секој месец за кој што Банката му издава извештај на Корисникот на картичката;
- **Месечен минимум за плаќање** - е обврска која КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да ја измирува месечно на датумот на достасување на истата и претставува процент од износот на искористениот револвинг кредит, но не помалку од 300 денари (600 денари) доколку месечниот минимум за плаќање е помал од 300 денари (600 денари),

100% (сто проценти) од износот на пресметаните надоместоци кои произлегуваат од направените трансакциии и/или од Договорот и 100% (сто проценти) од износот на пресметаната казнена и Договорна камата и ратата доколку клиентот користел средства преку програмата плаќање на рати.

БАНКАТА го задржува правото да го промени износот на месечниот минимум за плаќање и висината на надоместоците, за што КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА со потпишување Договорот се согласува;

- **Месечен извештај** - е писмено известување од БАНКАТА во кое се наведени износите на користениот кредит, вклучително и износите со датумите на достасаност и други содржини на извршени операции. Банката го известува КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА за секоја извршена промена на видот и висината на каматата и надоместоците преку Месечниот извештај, со првиот нареден месечен извештај, преку интернет страната и експозитурите на БАНКАТА;
- **Кредитна сметка/партија** - е сметка која се води во БАНКАТА и која ја прикажува состојбата и промената на револвинг кредитот;
- **Политика за висина на каматните стапки** - е нормативен акт на Банката донесена од органите на управување на Банката, со кои се одредува висината на каматните стапки користени од Банката, заедно со промените на истите;
- **Базична каматна стапка** - е референтната стапка на НБРСМ за благајнички записи, чија промена се врши на полугодишна основа и се објавува на интернет страните: http://www.nbrm.mk/ и www.unibank.mk **и** е едномесечна меѓубанкарска каматна стапка, СКИБОР за денарски и за пласмани во валута и валутна клаузула, просечна за периодот помеѓу две последователни утврдувања на каматните стапки, односно на квартална основа, а која се објавува на интернет страните: http://www.nbrm.mk/, и www.unibank.mk;
- **Променлива каматна стапка** - е стапка која се менува согласно позитивните прописи и актите за деловната политика на БАНКАТА, чија промена и висина не зависи од волјата на Договорните страни, а зависи од промената на базична каматна стапка;
- **Казнена камата** - стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната банка на Република Северна Македонија (референтна стапка), што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени.

  Стапката на казнената камата кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, се определува за секое полугодие и тоа во висина на едномесечна стапка на Еурибор за евра што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени и
- **Плаќање на рати** - е програма на БАНКАТА кај трговци со кои има склучено Договор за ПОС уреди со функција плаќање на рати. Со избор и потврда на бројот на рати, во процесот на авторизација иницирана на ПОС уредот, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА се согласува БАНКАТА да го задолжува секој месечен циклус со една рата која е резултат (количник) на математичка операција делење на авторизираниот износ (деленик), со бројот на ратите (делител).
- ***<u>Дозволено пречекорување</u>*** - е склучен Договор за кредит по кој КРЕДИТОКОРИСНИКОТ може повеќекратно да користи средства до определен кредитен лимит, кој му се става на располагање во износ поголем од тековната состојба. Дозволеното пречекорување дава можност во рамките на определен Договорен рок, вратениот дел на средства да се користи повторно.
- **Примена на Законот за заштита на лични податоци** - БАНКАТА има обврска да врши законска обработка на личните податоци на клиентите, согласно начелата за заштита на личните податоци утврдени со Законот за заштита на лични податоци, раководејќи се од целите за кои се истите се собрани, односно за исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од склучените Договори и за цели кои произлегуваат од закон.

  Личните податоци, БАНКАТА може да ги користи за цели на директен маркетинг, односно за информирање на клиентите за промотивни активности или за друга цел, но само врз основа на претходно дадена изјава на согласност во која е наведена конкретната

цел.
- **Потрошувач -** е физичко лице кое користи или користело производ или услуга од банката или се обратило до банката заради користење одреден производ или услуга, а ги користи производите или услугите за цели што не спаѓаат во рамките на неговата трговска, деловна, занаетчиска или професионална дејност.
- **Поплака -** секој поднесок, приговор, допис, барање, молба со коишто потрошувачот се обраќа до Банката, притоа наведувајќи определени неправилности во врска со работењето на Банката и/или повреда на неговите потрошувачки права. Во поплаките не влегуваат реакциите од потрошувачите на финансиски услуги коишто произлегуваат од потребата за корисничка поддршка, исправка на грешка кај платежните трансакции извршени со користење кредитни трансфери и директни задолжувања, активација на услуга, барања за одредени информации за производи и услуги и други потреби од Контакт-центарот на Банката. Во поплаки не влегуваат предлозите и коментарите за подобрување на работењето на Банката.

Банката обезбедува фер и транспарентен пристап при склучувањето на договорите со потрошувачите така, што обезбедува еднаков третман на потрошувачите без дискриминација врз основа на пол, националност, вероисповед, социјална положба, образование, возраст или друга основа, со исклучок на наменски производи од јавен интерес

## II. ВИДОВИ КРЕДИТИ

### Потрошувачки кредит

### 1. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КРЕДИТОТ

Одобрениот кредит може да се користи откако КРЕДИТОКОРИСНИКОТ ќе го потпише Договорот кредит и ќе ги достави сите понудени/побарани обезбедувања.

Краен рок за искористување на одобрениот кредит е 30 (триесет) дена од денот на потпишување на Договорот.

За сите операции по Договорот, при пресметување на камати и други надоместоци, ќе се земаат во предвид реално користените денови.

Кога кредитот е искористен пред крајниот рок за искористување определен како краен рок во Договорот, таа дата се смета за краен рок за искористување на одобрениот кредит.

### 2. ПРАВА И ОБВРСКИ НА КРЕДИТОКОРИСНИКОТ

**КРЕДИТОКОРИСНИКОТ има право:**

Да се откаже од Договорот за кредит во рок од 14 (четиринаесет) дена, без да наведува причина за откажувањето. Рокот на откажување започнува да тече:

- од денот на склучувањето на Договорот или
- од денот кога КРЕДИТОКОРИСНИКОТ ги добил условите и информациите од Договорот, доколку тој ден е подоцна од денот на склучувањето на Договорот.

Доколку КРЕДИОТОКОРИСНИКОТ го искористи правото на откажување од Договорот за кредит, тој треба:

- да ја извести БАНКАТА во писмена форма за откажување од Договорот за кредит, пред истекот на рокот определен во истиот и
- да ја плати главницата и каматата за периодот од искористувањето на кредитот до денот на плаќање на главницата, веднаш но не подоцна од 30 (триесет) дена од денот на известувањето на БАНКАТА за откажувањето од кредитот. Каматата се пресметува врз основа на договорната каматна стапка. БАНКАТА има право на надоместок на неповратните трошоци платени во врска со Договорот за кредит кон јавни или државни органи и
- да го раскине Договорот со доставување на писмена изјава, во рок од 14 (четиринаесет) дена од плаќање на првата рата, доколку Договорот не ги содржи законски пропишаните задолжителни елементи.
- Во случај на раскинување на Договорот наведен погоре, во рок од 7 (седум) дена од доставување на изјавата во БАНКАТА, КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е должен да го врати кредитот, односно искористениот дел од кредитот и
- бесплатно и по негово барање да добие, при отплата на главницата на Договорот за кредит со фиксно времетраење, во кое било време во текот на траењето на Договорот за кредит, извештај за платежна сметка во форма на Преглед на парични текови.

**КРЕДИТОКОРИСНИКОТ се обврзува:**

-пред исплата на кредитот да достави на БАНКАТА документ за извршено плаќање на пресметаната премија за купување полиса за ризико осигурување на живот винкулирана

во корист на БАНКАТА, во спротивно е согласен БАНКАТА во негово име и од негова платежна сметка наменски да префрли дел од одобрениот износ на кредитот за купување на истата;
-навремено да обезбедува средства на платежната сметка за измирување на обврските по кредитот, согласно Прегледот на парични текови, врз основа на прилог кој ќе биде составен дел на Договор за одобрување на кредит;
-неодложно да ја извести БАНКАТА писмено, за врачување на известување за престанок на неговиот работен однос, како и при превземање на судски дејствија од трети лица против него, кои можат да ја нарушат можноста за навремено извршување на обврските по Договорот;
-неодложно да ја извести БАНКАТА писмено, за промена на податоци, запишани во Договорот;
-на барање на БАНКАТА да и доставува дополнителна документација во врска со дејноста на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, а која е од значење за банкарска анализа и контрола;
-да достави изјава за поврзани лица, по образец и писмено да ја известува БАНКАТА за секоја промена на впишаните податоци во изјавата;
-да внесува готовински средства по неговите платежни сметки во БАНКАТА и од истите да ги врши сите плаќања за своја сметка во земјата и странство;
-на барање на БАНКАТА, да ги отстапи своите побарувања од трети лица заради обезбедување и измирување на обврските по кредитот, во колку БАНКАТА процени дека постојат околности кои можат да ја нарушат можноста за навремено извршување на обврските од Договорот;
-неодложно да ја известува БАНКАТА писмено, за настанати состојби кои создаваат објективна неможност или ја доведуваат под сомнение можноста за исполнувањето на обврските по Договорот;
-во секој момент од траење на Договорот за кредит, на својата платежна сметка во Банката, да има минимално салдо од 100,00 денари и
-да ги измири сите трошоци направени од страна на БАНКАТА, за реализација на обезбедувањето заради присилна наплата на побарувањата кои произлегуваат од Договорот, согласно Тарифата на Банката.

КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е запознаен дека:
-БАНКАТА ќе ги стави на увид неговите податоци кои се сметаат за деловна тајна на овластено лице од страна на БАНКАТА кое може да го контактира за прашања поврзани со исполнување на правата и обврските од Договорот, за коешто овластување КРЕДИТИКОРИСНИКОТ ќе биде усно информиран во моментот на контактот и
-БАНКАТА има обврска да врши законска обработка на неговите лични податоци, согласно начелата за заштита на личните податоци утврдени со Законот за заштита на лични податоци, раководејќи се од целите за кои се истите се собрани, односно за исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од Договорите и за цели кои произлегуваат од закон.
Неговите лични податоци, БАНКАТА може да ги користи за цели на директен маркетинг, односно за негово информирање за промотивни активности или за друга цел, но само врз основа на претходно дадена изјава на согласност во која е наведена конкретната цел.

## 1. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

За евентуални промени во висината на каматната стапка определени во склучениот Договор, КРЕДИТОКОРИСНИКОТ може да добие нов Преглед на парични текови во било која експозитура на БАНКАТА.
Во случај на неисполнување на обврските од Договорот од страна на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, вклучително и настапување на предвремена достасаност на кредитот, БАНКАТА има право службено, без посебни судски постапки, да изврши пренос на средства од сите платежни сметки на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ во БАНКАТА, како и по свој избор да се наплати со реализација на сите оставени обезбедувања или било кое од нив, за што КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, со потпишување на Договорот, дава изречна согласност.
При пренос на средства од платежните сметки на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, кои се во друга валута, се применува куповниот курс на БАНКАТА за соодветната валута, на денот на извршување на операцијата.
Инструментите за обезбедување наведени во Договорот, БАНКАТА има право да ги активира доколку КРЕДИТОКОРИСНИКОТ не се придржува кон обврските од Договорот.

Доколку Договорот се потпише електронски, преку платформа за електронско банкарство, истиот е на располагање на Договорните страни во електронска форма, а КРЕДИТОКОРИСНИКОТ во секое време може да го испечати со најавување во системот на електронско банкарство.

## 2. ПРИМЕНА НА ПРАВО И СПОРОВИ

За сите неуредени прашања во Договорот се применуваат прописите кои ја уредуваат областа на банкарското работење, позитивното македонско законодавство и Актите на деловната политика на БАНКАТА. Доколку за времетраење Договорот се променат прописите или општите акти на БАНКАТА, КРЕДИТОКОРИСНИКОТ се обврзува да постапи согласно настанатите промени.

Сите евентуални спорови во врска со исполнувањето и толкувањето на одредбите од Договорот, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а во спротивно ќе биде надлежен месно надлежен суд.

При склучувањето на Договорот, БАНКАТА обезбедува транспарентен и правичен пристап согласно законските одредби, подзаконските акти и интерните акти на БАНКАТА со кои се уредува заштитата на Потрошувачите.

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ

Сите трошоци кои произлегуваат од Договорот се на товар на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ. Во случај да БАНКАТА плати било кој трошок во име на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, во рок од 8 (осум) дена КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е должен да го надомести на БАНКАТА.

Ако КРЕДИТОКОРИСНИКОТ користи повеќе од еден кредит, БАНКАТА има право да врши измирување од неговите платежни сметки, на обврските по кредит по кој е најзадолжен во моментот.

Износот на обврските на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ по кредитот се утврдуваат согласно сметководствената евиденција на БАНКАТА.

Документацијата, анексите и сите писма и други официјални изјави на договорните страни во врска со исполнувањето и толкувањето Договорот, претставуваат негов нераздвоен дел.

КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е согласен БАНКАТА да пресметува и наплатува надоместок кој дополнително ќе биде воведен со измена и дополнување на Тарифата на БАНКАТА, по претходно известување за воведување на измената во согласност со закон.

## I. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА РЕВОЛВИНГ КРЕДИТ КОЈ СЕ КОРИСТИ СО КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ

ВИДОВИ КАРТИЧКИ

Кредитни картички

- Visa® Classic
- Visa® Gold
- Mastercard® Standard
- Mastercard® Gold

1. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КРЕДИТОТ И КАРТИЧКАТА

Одобрениот револвинг кредит може да се користи откако КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ќе го потпише Договорот за револвинг денарски кредит и ќе ја подигне картичката.

Искористените средства од револвинг кредитот и нивното враќање се евидентираат на кредитната сметка кај БАНКАТА со денот на валутата на трансакцијата.

Искористените средства од револвинг кредитот преку користење на програмата плаќање на рати се резервираат како потрошен износ од револвинг кредитот. Евиденцијата на секоја една рата во тековниот месец на кредитната сметка е валутирана со иста дата со датата на која таа рата доспева.

Средствата од одобрениот револвинг кредит се користат од страна на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА со кредитна картичка, согласно одредбите од склучениот Договор. Револвинг кредитната картичка на Банката е универзален иструмент за плаќање на стоки и услуги и за подигање на готовина од банкомати и банкарски шалтери на сите исплатни места кои носат знак Mastercard® и Visa® во земјата и странство.

КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА може да користи револвинг кредит до износот на одредениот кредитен лимит од склучениот Договор. Картичката може да ја користи исклучиво лице на чие име гласи картичката, до истекот на рокот на важење означен на

нејзината предна страна.
КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА при користење на уреди кои читаат магнетна лента, го потврдува износот на плаќањето со потпис на белешката.

При користење на уреди кои читаат чип картички се идентификува со идентификационен број (ПИН) / потпис на белешката. Идентификационен број (ПИН) БАНКАТА му го дава на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА и е познат само на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА. ПИН-от е строго доверлив и КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА не смее да го кажува ПИН-от, да го запишува на картичката или на останатите документи дури и по различен редослед. КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен по приемот на ПИН-от, пликот во кој се наоѓа ПИН-от веднаш да го уништи. Настанатата штета од злоупотребата на картичката и ПИН-от е на товар на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА.

При користење на бесконтактна картичка/стикер за бесконтактно плаќање и подигање на готовина, истото се врши со доближување или допирање на картичката/стикерот до уредот кој поддржува бесконтактна технологија. За бесконтактни плаќања со износ до 3.000 МКД за Mastercard/3.000 МКД за Visa картички, не е потребен ПИН за потврда на плаќањето (овој износ може да варира зависно од брендот на картичката, продажното место и земјата во која се врши плаќањето). За потврда на плаќања над овие износи потребен е ПИН. За бесконтактно подигање на готовина неопходно е внесување на ПИН, независно од износот на трансакцијата. За потврда на плаќања над овие износи потребен е ПИН. Стоките и услугите купени со картичката, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА не смее да ги продаде или врати за готовински надомест.

Не е дозволено картичката да се користи за купување на порнографски содржини, проституција, оружје, трговија со дрога и опојни средства, како и за други незаконски работи. Секоја неовластена и незаконска употреба на картичките се казнува со Закон. КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да ја употребува картичката во рамките на пропишаниот лимит, во спротивно БАНКАТА има право да ја блокира картичката и да побара наплата на сите достасани и недостасани обврски по револвинг кредитот.

КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е согласен да обезбедува вистинити, точни и ажурирани информации за себе и во случај на промена на основните податоци (адреса за живеење или адреса за комуникација, име и/или презиме, работодавец, телефонски број) и на сите останати податоци кои влијаат на правото на користење на картичката, должен е веднаш за истите писмено да ја извести БАНКАТА. Во спротивно БАНКАТА може да му ги ограничи корисничките права на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА, да ги наплати сите трошоци настанати со користење на картичката, како и трошоците со пронаоѓање на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА.

## 2. ПРАВА И ОБВРСКИ НА КРЕДИТОКОРИСНИКОТ

КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА се обврзува:

-да се придржува кон препораките за безбедно и сигурно користење на картичките објавени на интернет страната на БАНКАТА;

-да ја врати картичката на БАНКАТА по истекот на важноста на истата, по барање на БАНКАТА и во случај на предвремена достасаност;

-при откажување на картичката, должен е до 45-тиот календарски ден, сметано наназад од последниот ден од месецот наведен како важност на картичката, писмено да достави барање до БАНКАТА и да ја врати картичката. Картичката се деактивира согласно процедурите на БАНКАТА;

-за целокупното времетраење на Договорот да обезбедува минимум салдо на платежната сметка од 100,00 мкд, како и навремено да обезбедува средства по платежната сметка и за исполнување на обврските по кредитот согласно добиениот извештај од БАНКАТА;

-на барање на БАНКАТА да достави документација која е од значење за банкарска анализа;

-да внесува пари по неговите платежни сметки во БАНКАТА и од истите да ги врши сите плаќање за своја сметка во земјата и странство;

-на барање на БАНКАТА, да и ги отстапи своите побарувања од трети лица заради обезбедување и измирување на обврските по револвинг кредитот, во колку БАНКАТА

процени дека постојат околности кои можат да ја нарушат можноста за навремено извршување на обврските по Договорот и

-КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ја овластува БАНКАТА да ги користи, обработува и доставува дадените лични податоци, податоците за состојбите операциите и другите податоци за неговата платежна сметка/картичка на соодветниот процесинг центар во земјата и/или странство, како и на меѓународните картични организации, вклучително и податоците за лимитите по картичката, согласно одредбите во Законот за заштита на лични податоци.

КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА има право:

-да се откаже од Договорот за револвинг денарски кредит кој се користи со кредитна картичка во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на потпишување на Договорот со писмено барање, без да наведува причина за откажувањето и

-на раскинување на Договорот за револвинг денарски кредит кој се користи со кредитна картичка со доставување на писмено барање до БАНКАТА, при што е должен да ја/ги врати картичката/те.

При раскинување на Договорот КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА има обврска да ја плати главницата и каматата за периодот од искористување на кредитот до денот на подмирување на главницата, како и надоместоците согласно Тарифата на БАНКАТА и

-да побара прекин на осигурувањето со доставување на писмено барање до БАНКАТА. Прекинот на осигурувањето е со наредното обновување на Договорот за Револвинг денарски кредит.

КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА се согласува:

-БАНКАТА да ги стави на увид податоците кои се сметаат за деловна тајна на овластено лице од страна на БАНКАТА кое може да го контактира заради ажурирање на кредитниот лимит и/или наплата на долг за коешто овластување КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ќе биде усно информиран во моментот на контактот;

-БАНКАТА има обврска да врши законска обработка на неговите лични податоци да бидат регистрирани, обработувани, согласно начелата за заштита на личните податоци утврдени со Законот за заштита на лични податоци, раководејќи се од целите за кои се истите се собрани, односно за исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од Договорот и за цели кои произлегуваат од закон и ажурирани во согласност со законската регулатива, за целите на Договорот.

Неговите лични податоци, БАНКАТА може да ги користи зацели на директен маркетинг, односно за негово информирање за промотивни активности или за друга цел, но само врз основа на претходно дадена изјава на согласност во која е наведена конкретната цел.

## 3. ПОПЛАКИ ЗА ТРАНСАКЦИИ СО КАРТИЧКА

Во случај кога КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКА го оспорува плаќањето со картичката извршено за негова сметка во корист на трето лице од следните причини: плаќањето да не е извршено од него, плаќањето да е извршено со фалсификувана картичка, да не е подигната стоката или да не е извршена услугата или друго, а од кое плаќање за КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКА се создава право да претендира враќање на неосновано платената сума, БАНКАТА се ангажира да помогне за разрешавање на случаите на оспореното плаќање по ред и во рок определен од Mastercard®/Visa.

КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА целосно ги сноси загубите од извршените неавторизирани платежни трансакции доколку платежните трансакции настанале поради постапување со намера за измама од страна на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА или поради неисполнување, со намера или крајно невнимание, на една или повеќе обврски на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА од членот 85 од Законот за платежни услуги и платни системи.

Согласно Законот за платежни услуги и платни Системи, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е одговорен за извршени неавторизирани платежни трансакции или злоупотреба на платежната картичка до максимален износ од 1.200 денари или соодветна противвредност во други валути.

Сите поплаки поврзани со картичката се пријавуваат на адресата на БАНКАТА. Оспорувањето на платежната трансакција, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да го направи на образец достапен во

експозититурите на БАНКАТА, во рок до 10 работни дена од датумот на евидентирање на спорната трансакција. Рокот за поднесување на поплака за извршена неавторизирана или неправилно извршена платежна трансакција е 13 месеци од датумот на евидентирањето на спорната трансакција. Доколку КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА поднесе поплака за извршена неавторизирана или неправилно извршена платежна трансакција која била реализирана пред повеќе од 100 дена, БАНКАТА има право да бара од КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА да достави образложение за причините за подоцнежното оспорување на трансакциите. Согласно правилата на Mastercard® и Visa максималниот број на поплака за трансакции по картичка изнесува 35 транскиации.

За решавање на поплаката, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен заедно со поплакаta да ја приложи целата документација која е поврзана со поплаката. Во спротивно ќе се смета дека КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ги признава евидентираните трошоци.

Оспорувањето на платежните трансакции не го одлага нивното подмирување.

Во случаевите кога КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА поднесува поплака или известување за неавторизирана платежна трансакција или неправилно извршена платежна трансакција извршена кај давател на услуги за иницирање на плаќања, БАНКАТА се обраќа до давателот на услуги за иницирање на плаќања кај кој е извршена платежната трансакција со цел докажување дека е извршена автентикација на платежната трансакција и дека платежната трансакција е правилно евидентирана.

Доколку се докаже дека поплаката е основана, БАНКАТА го враќа веќе наплатениот спорен износ на сметката на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА.

Доколку поплаката не е основана, БАНКАТА го известува КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА дека е должен да го подмири износот на оспорените трансакции, доколку истото претходно не е направено.

Во случаевите кога БАНКАТА го враќа износот на оспорените платежни трансакции на располагање на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА пред докажување на одговорноста, а потоа добие валидна документација со која се потврдува одговорноста на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА за извршување на истите, БАНКАТА има право повторно да го задолжи КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА со износот на оспорените платежни трансакции.

Рокот за решавање на случајот на поплаката го одредува БАНКАТА во согласност со правилата на Mastercard®/Visa.

## 4.ГУБЕЊЕ И ОШТЕТУВАЊЕ НА КАРТИЧКАТА

Во случај на губење, кражба, злоупотреба или неавторизирано користење на картичката, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен веднаш да ја извести БАНКАТА со јавување во Процесинг центарот (24/7) +3892 3293 888, или УНИБанка во работно време: +3892 3111 111, или пак веднаш да ја блокира картичката преку електронското банкарство.

КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА има право да побара картичката да биде блокирана. Ефективното блокирање на картичката БАНКАТА се обврзува да го изврши во рамки на времето потребно за обработка на известувањето.

За сите настанати трансакции со картичката во периодот од пријавувањето до ефективното блокирање, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е согласен БАНКАТА да ја задолжи сметката кон која се води картичката.

КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен писмено да ја извести БАНКАТА, во рок од 30 календарски дена од датата на пријавување на губење или кражба на картичката за некоја од следните ситуации:

- дека аплицира за издавање на нова картичка или
- дека не сака издавање на нова картичка, по што се применува процедурата и условите за раскинување на Договорот.

Доколку КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА не ја извести БАНКАТА во определениот рок, се смета дека КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА го раскинува Договорот за користење на дебитна картичка, односно Договорот за револвинг денарски кредит кој се користи со кредитна картичка, по што се применува процедурата и условите за раскинување на Договорот.

Во случај кога КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ја најде истата по пријавата

за нејзиното исчезнување, може да побара деблокада на истата со поднесување на изјава за деблокада, писмено преку експозитурите на БАНКАТА или може да ја деблокира својата картичка преку електронското банкарство. Во тој случај БАНКАТА ќе го деблокира користењето на картичката.
Доколку КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ја пронајде истата во рок подолг од 24 часа од пријавата за нејзиното исчезнување, БАНКАТА препорачува истата да не ја користи и да ја врати во најблиската експозитура на БАНКАТА.
Во случај на основано сомнение дека се работи за кражба, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен случајот да го пријави кај надлежните органи во најкус можен рок.
При оштетување на картичката КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА има право да бара обнова на старата пред истекот на рокот на важење, за што ги измирува трошоците според Тарифата на БАНКАТА.
5.Во случај на задржување на картичката во банкомат поради технички причини на банкоматот или механички причини на картичката, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да ја извести Банката.

**5.ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ**

Во случај БАНКАТА да плати било кој трошок во име на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКА, тој е должен истиот да го надомести на БАНКАТА во рок од 8 (осум) дена од денот на известувањето, согласно Тарифата на БАНКАТА.
Ако КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА користи повеќе од еден кредит, БАНКАТА има право да од неговите платежни сметки врши наплата на побарувањата по оној кредит по кој КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е најзадолжен во моментот. Износот на обврските на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА по кредитот се утврдуваат согласно сметководствената евиденција на БАНКАТА.
Сите евентуални спорови во врска со исполнувањето и толкувањето на Договорот, договорните страни може да ги решаваат вонсудски, со усогласување, порамнување, медијација или на друг мирен начин. Во спротивно ќе биде надлежен месно надлежен суд.
За сѐ што не е уредено со одредбите од овие Општи улови ќе се применуваат прописите кои ја уредуваат областа на банкарското работење и позитивното македонско законодавство.
Документацијата, анексите и други официјални изјави на договорните страни во врска со исполнувањето и толкувањето на одредбите од Договорот, претставуват негов нераздвоен дел.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ДОЗВОЛЕНО ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ

Одобрените средства на дозоволеното пречекорување може да се користат откако КРЕДИТОКОРИСНИКОТ ќе го потпише Договорот за одобрување дозволено пречекорување.

### 1. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОЗВОЛЕНО ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ

Дозволеното пречекорување на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, се одобрува во рок од 1 (една) година. По истекот на рокот за користење на дозволеното пречекорување, истиот се продолжува од страна на БАНКАТА за истиот рок.
За сите операции по склучениот Договор, при пресметување на камати и други пресметки, ќе се земаат во предвид реално користените денови.
Во случај да БАНКАТА утврди дека КРЕДИТОКОРИСНИКОТ не ги исполнува или делумно не ги исполнува своите обврски или е влошена неговата кредитоспособност, БАНКАТА има основ да претпостави дека КРЕДИТОКОРИСНИКОТ нема да може целосно да ги исполнува своите обврски, при што БАНКАТА има право без посебно писмено известување, а по свое наоѓање, да предложи промена на условите по овој Договор или да го прекине користењето на дозволеното пречекорување и да ги смета обврските на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ за целосно и предвремено достасани односно да не го продолжи рокот на користење на дозволеното пречекорување и да побара од КРЕДИТОКОРИСНИКОТ да го плати целиот износ на кредит.
Потрошувач кој користи платежна сметка со основни функции не смее да располага со дозволено пречекорување.

**2.ПРАВА И ОБВРСКИ НА КРЕДИТОКОРИСНИКОТ**

КРЕДИТОКОРИСНИКОТ има право:

Да се откаже од Договорот за дозволено пречекорување во рок од 14 (четиринаесет) дена, без да наведува причина за откажувањето. Рокот на откажување започнува да тече:

-од денот на склучувањето на Договорот или

-од денот кога КРЕДИТОКОРИСНИКОТ ги добил условите и информациите од Договорот, доколку тој ден е подоцна од денот на склучувањето на Договорот;

Доколку КРЕДИТОКОРИСНИКОТ го искористи правото на откажување од Договорот за дозволено пречекорување, тој треба:

-да ја извести БАНКАТА во писмена форма за откажување од Договорот за дозволено пречекорување, пред истекот на рокот определен во Договорот;

-да ја плати главницата и каматата за периодот од искористувањето на дозволеното пречекорување до денот на плаќање на главницата, веднаш, но не подоцна од 30 (триесет) дена од денот на известувањето на БАНКАТА за откажувањето од дозволеното пречекорување. Каматата се пресметува врз основа на договорната каматна стапка. БАНКАТА има право на надоместок на неповратните трошоци платени во врска со Договорот за дозволено пречекорување кон јавни или државни органи и

-да побара прекин на осигурувањето со доставување на писмено барање до БАНКАТА. Прекинот на осигурувањето е со наредното обновување на Договорот за дозволеното пречекорување.

КРЕДИТОКОРИСНИКОТ се обврзува:

-целосниот износ на месечен прилив да го прима на својата платежна сметка во БАНКАТА за целиот период на важење на Договорот;

-навремено да обезбедува средства на платежната сметка за измирување на обврските по дозволеното пречекорување;

-неодложно, писмено да ја извести БАНКАТА, за сите изменети услови по заснованиот работен однос, како и при превземање на судски дејствија од трети лица против него, кои можат да ја нарушат можноста за навремено извршување на обврските по Договорот за одобрување дозволено пречекорување;

-неодложно, писмено да ја извести БАНКАТА, за промена на податоци, запишани во Договорот за одобрување дозволено пречекорување;

-на барање на БАНКАТА да и доставува дополнителна документација во врска со дејноста на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, а која е од значење за банкарска анализа и контрола;

-да достави изјава за поврзани лица, по образец и писмено да ја известува БАНКАТА за секоја промена на впишаните податоци во изјавата;

-да внесува пари на неговите платежни сметки во БАНКАТА и од истите да ги врши сите плаќања за своја сметка во земјата и странство;

-на барање на БАНКАТА, да ги отстапи своите побарувања од трети лица заради обезбедување и измирување на обврските по дозволеното пречекорување, во колку БАНКАТА процени дека постојат околности кои можат да ја нарушат можноста за навремено извршување на обврските по Договорот за одобрување дозволено пречекорување;

-неодложно, писмено да ја известува БАНКАТА за настанати состојби кои создаваат објективна неможност или ја доведуваат под сомнение можноста за исполнувањето на обврските по Договорот за одобрување дозволено пречекорување и

-во секој момент од траење на Договорот за дозволено пречекорување, на своја сметка во Банката, да има минимално салдо од 100,00 денари.

**3.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

Во случај на неисполнување на обврските по склучениот Договор од страна на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, вклучително и настапување на предвремена достасаност на дозволеното пречекорување, БАНКАТА има право службено, без посебни судски постапки, да изврши пренос на средства од сите платежни сметки на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ во БАНКАТА, како и по свој избор да се наплати со реализација на сите оставени обезбедувања или било кое од нив, за што КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, со потпишување на Договорот за одобрување дозволено

пречекорување дава изречна согласност.
При пренос на средства од платежните сметки на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, кои се во друга валута, се применува куповниот курс на БАНКАТА за соодветната валута, на денот на извршување на операцијата.
Инструментите за обезбедување, БАНКАТА има право да ги активира доколку КРЕДИТОКОРИСНИКОТ не се придржува кон обврските од Договорот за одобрување дозволено пречекорување.
БАНКАТА на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ редовно му доставува извештај за состојба на сметка преку Извод-извештај за состојба на сметката кој КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е должен редовно да го подига.
БАНКАТА го обновува осигурувањето со полиса за ризико осигурување на живот. Истата се обновува на секои 12 (дванаесет) месеци, се додека е во важност Договорот, без посебно барање од кредитокорисникот/потрошувачот, доколку клиентот редовно ги измирува обврските по Договорот и го исполнува условот за возраст на осигуреник до 75 години.
Кредитокорисникот е запознаен дека :
-БАНКАТА ќе ги стави на увид неговите податоци кои се сметаат за деловна тајна на овластено лице од страна на БАНКАТА кое може да го контактира за прашања поврзани со исполнување на правата и обврските од Договорот, за коешто овластување КРЕДИТОКОРИСНИКОТ ќе биде усно информиран во моментот на контактот и
-БАНКАТА има обврска да врши законска обработка на неговите лични податоци, согласно начелата за заштита на личните податоци утврдени со Законот за заштита на лични податоци, раководејќи се од целите за кои се истите се собрани, односно за исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од Договорите и за цели кои произлегуваат од закон.
Неговите лични податоци, БАНКАТА може да ги користи за цели на директен маркетинг, односно за негово информирање за промотивни активности или за друга цел, но само врз основа на претходно дадена изјава на согласност во која е наведена конкретната цел.

## 4. ПРИМЕНА НА ПРАВО И СПОРОВИ

За сите со Договорот за одобрување дозволено пречекорување неуредени прашања се применува позитивното македонско законодавство што ја уредува областа на кредитното работење.
Сите евентуални спорови во врска со исполнувањето и толкувањето на Договорот, договорните страни може да го решаваат вонсудски, со усогласување, порамнување, медијација или на друг мирен начин. Во спротивно, ќе биде надлежен месно надлежен суд.

## 5. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ

Сите трошоци кои произлегуваат од Договорот за одобрување дозволено пречекорување Договор се на товар на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ. Во случај да БАНКАТА плати било кој трошок во име на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ, во рок од 8 (осум) дена КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е должен да го надомести на БАНКАТА.
Ако КРЕДИТОКОРИСНИКОТ користи повеќе од еден кредит, БАНКАТА има право да врши измирување од неговите платежни сметки, на обврските по кредит по кој е најзадолжени во моментот.
КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е согласен, известувањата и сметководствената евиденција на БАНКАТА да претставуваат доволен доказ за износот на долгот по сметката за плаќање и други обврски по Договорот.
Документацијата, анексите и сите писма и други официјални изјави на договорните страни во врска со исполнувањето и толкувањето на Договорот, претставуваат негов нераздвоен дел.
КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е согласен БАНКАТА да пресметува и наплатува надоместок којдополнително ќе биде воведен со измена и дополнување на Тарифата на надоместоци на Банката, по претходно известување за воведување на измената во согласност со закон.

## III. ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ГАРАНТОТ

ГАРАНТОТ се обврзува:
а) со потпишување на Договорите како солидарен должник - гарант платец да ја исполни во целост полноважната и стасана обврска на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ која ја има кон БАНКАТА, а врз основа на Договорите и сите прилози кон истите;
б) неодложно да ја извести БАНКАТА за врачување на известување за престанок на

неговиот работен однос, како и при преземање на судски дејствија од трети лица против него или заложениот имот, кои можат да ја нарушат можноста за навремено извршување на обврските по Договорите;
в) неодложно да ја извести БАНКАТА за промена на податоци, запишани во Договорите и
г) на барање на БАНКАТА да и доставува дополнителна документација во врска со неговата дејност, а која е од значење за банкарска анализа и контрола.
ГАРАНТОТ е запознаен дека:
а) БАНКАТА ќе ги стави на увид неговите податоци кои се сметаат за деловна тајна на овластено лице од страна на БАНКАТА кое може да го контактира за прашања поврзани со исполнување на правата и обврските од Договорот, за коешто овластување ГАРАНТОТ ќе биде усно информиран во моментот на контактот и
б) БАНКАТА има обврска да врши законска обработка на неговите лични податоци, согласно начелата за заштита на личните податоци утврдени со Законот за заштита на лични податоци, раководејќи се од целите за кои се истите се собрани, односно за исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од Договорите и за цели кои произлегуваат од закон.
Неговите лични податоци, БАНКАТА може да ги користи за цели на директен маркетинг, односно за негово информирање за промотивни активности или за друга цел, но само врз основа на претходно дадена изјава на согласност во која е наведена конкретната цел.
ГАРАНТОТ одговара:
а) за целокупното побарување кое произлегува од Договорите, а се однесува на побарувањето во кои се вклучени покрај главниот долг и сите камати, трошоците за надоместоци за услугите на БАНКАТА, опомени и сите останати трошоци кои произлегуваат од истите;
б) за исполнувањето на целата обврска која ќе произлезе од Договорите и неговата одговорност не е ограничена, ниту е подложена на полесни услови и
в) за секое зголемување на обврската што би настанало со задоцнување или по вина на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ.
Обврските на гарантот стасуваат согласно предвидените услови од Договорите, а во случај на предвремено стасување од било која причина на дел или целата обврска на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ согласно истите, истовремено стасува и обврската на ГАРАНТОТ превземена како солидарен должник - гарант платец.
ГАРАНТОТ е запознаен дека :
-БАНКАТА ќе ги стави на увид неговите податоци кои се сметаат за деловна тајна на овластено лице од страна на БАНКАТА кое може да го контактира за прашања поврзани со исполнување на правата и обврските од Договорот, за коешто овластување ГАРАНТОТ ќе биде усно информиран во моментот на контактот и
-БАНКАТА има обврска да врши законска обработка на неговите лични податоци, согласно начелата за заштита на личните податоци утврдени со Законот за заштита на лични податоци, раководејќи се од целите за кои се истите се собрани, односно за исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од Договорите и за цели кои произлегуваат од закон.
Неговите лични податоци, БАНКАТА може да ги користи за цели на директен маркетинг, односно за негово информирање за промотивни активности или за друга цел, но само врз основа на претходно дадена изјава на согласност во која е наведена конкретната цел.

**VI.ПОПЛАКИ**

КРЕДИТОКОРИСНИКОТ може да поднесе поплака поднесок, приговор, допис, барање, молба и/или формулар за поднесување на поплака издаден од страна на БАНКАТА, со којшто се обраќа до БАНКАТА, за одредени неправилности во врска со работењето на банката и/или конкретна повреда на потрошувачките права.
БАНКАТА е должна да ја прими писмената поплака која се доставува во деловна просторија каде што Банката нуди услуги за потрошувачите.
Поплаката од потрошувачот се поднесува на Формулар за поднесување на поплака издаден од страна на БАНКАТА, достапен во Централата и Експозитурите на Банката, како и на интернет-страницата на БАНКАТА со означување дека се однесува на поплаките на потрошувачите, заедно со деталните информации.
Поплаката може да се поднесе писмено во деловните простории/ Експозитурите на

БАНКАТА, по пошта на ул.”Максим Горки” бр.6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, по е-пошта reklamacii@unibank.com.mk.

БАНКАТА е должна да му достави одговор на потрошувачот за сите наводи во поплаката во писмена форма или на друг траен медиум. Банката обезбедува навремено одговарање на поплаката на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ во рамките на 15 (петнаесет) работни дена од денот на приемот на поплаката.

Во случај БАНКАТА да не може да одговори во горенаведениот рок, поради причини коишто БАНКАТА не може да ги контролира, истата е должна да го извести потрошувачот за доцнењето на одговорот со јасно наведување на причините и на рокот во кој КРЕДИТОКОРИСНИКОТ ќе го добие одговорот, којшто не може да биде подолг од 35 (триесет и пет) работни дена од денот на приемот на приговорот/ поплаката.

БАНКАТА доставува одговор на поплака во писмена форма, по пошта или во електронска форма што овозможува да се одреди датумот и времето на прием на одговорот од страна на КРЕДИТОКОРИСНИКОТ и неговата содржина.

БАНКАТА го известува потрошувачот за статусот на поплаката на барање напотрошувачот, најдоцна во рок од 2 (два) работни дена од денот на приемот на барањето на адреса или на е-пошта на потрошувачот.

Во случај кога БАНКАТА оценува дека поплаката е основана, се обврзува да го извести потрошувачот дали се преземени соодветни мерки за корекција на околностите заради кои е поднесена поплаката и мерките што ќе се преземат за нивно решавање.

Во случај поплаката по оцена на БАНКАТА е неоснована, го известува потрошувачот за причините за неоснованост, со детално образложение.

БАНКАТА за приемот и за постапувањето со поплаката не наплаќа надоместок од страна на потрошувач.

**VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овие Општи Услови се составен дел од секој поединечен Договор за револвинг денарски кредит кој се користи со кредитна картичка, Договор за одобрување дозволено пречекорување и Договор за одобрување потрошувачки денарски кредит користени од страна на Клиентот. Со потпишување на апликацијата Клиентот е запознаен и согласен со одредбите на овие Општи услови.

Клиентот изјавува дека е запознаен и согласен дека Општите услови може да бидат изменети во било кое време од страна на Банката и за истите да биде известен на начин договорен во Договорот за секоја поединечна услуга.

Термините употребени во еднина можат да се употребат и во множина и членувана форма, без притоа да го изгубат дефинираното значење.

Доколку некоја одредба или дел од одредбите од Општите услови бидат прогласени за неважечки, останатите одредби остануваат во сила, а неважечките ќе бидат заменети со важечки кои се во согласност со намерата на страните, до мера колку што е најмногу можно.

Надлежен супервизорски орган на Банката е Народна Банка на Република Северна Македонија со седиште: бул.”Кузман Јосифовски Питу“ бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

Овие Општи услови се однесуваат за поднесени нови барања и склучени договори по стапување во сила на овие Општи услови.

Овие Општи услови стапуваат во сила и ќе се применуваат од 01.02.2026 година. Со стапување восила на овие услови престануваат да важат Општите услови за револвинг кредит кој се користи со кредитни картички од 19.02.2024 година.